# Росица

Бесплатен примерок
Број 2/2025

# ПРИЛОГ ЗА РОДИТЕЛИ



ШТО ПРЕТСТАВУВА МОТОРЕН РАЗВОЈ КАЈ ДЕЦАТА?

**МОТОРНИТЕ ВЕШТИНИ СЕ ВЕЖБААТ И УСОВРШУВААТ ПРЕКУ ИГРА**

ЕДУКАТИВНИ ИГРИ

**МЕМОРИСКИТЕ КАРТИЧКИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРАВИЛЕН РАСТ И РАЗВОЈ**

**КАКО ДА ЈА РАЗВИЕМЕ КОНЦЕНТРАЦИЈАТА КАЈ ДЕЦАТА?**

**ИГРИ „ВО ЖИВО“ ИЛИ ИГРИ ВО ВИРТУЕЛЕН СВЕТ?**

ШТО ПРЕТСТАВУВА МОТОРЕН РАЗВОЈ КАЈ ДЕЦАТА?

# МОТОРНИТЕ ВЕШТИНИ СЕ ВЕЖБААТ И УСОВРШУВААТ ПРЕКУ ИГРА

МОТОРНИОТ РАЗВОЈ ПРЕТСТАВУВА СПОСОБНОСТ НА ДЕТЕТО ДА СЕДИ, СТОИ, ДА ИЗВЕДУВА ДВИЖЕЊА ШТО БАРААТ АНГАЖИРАЊЕ НА ГОЛЕМИТЕ МУСКУЛНИ ГРУПИ, НО И ОДРЕДЕНИ ФИНИ ДВИЖЕЊА СО РАЦЕТЕ И ПРСТИТЕ.

Моторниот развој кај секое дете е индивидуално и различно се развива во текот на годините. Меѓутоа постои општо прифатена рамка на развој на моториката на детето преку која најчесто го набљудуваме неговиот моторен развој и движења. За секој родител, би било од корист да ја познава таа рамка, затоа во продолжение еден хронолошки преглед на моторниот развој на детето.



**Прва година** – Во првата година, детето стабилно ја одржува **рамнотежата** при подолго **седење** и при движење на рацете и трупот. Детето **лази**, се придржува со двете раце, и ги прави првите **чекори. Охрабрете го детето да земе играчка што е поставена под масата.**



**Втора година** – На 18-месечна возраст детето може **да оди и неколку чекори наназад.** Во втората година кај детето се развива способност за **ракување со моливот.** Во овој период тоа е во состојба да влече линии по хартија. Способноста да **влече и турка предмети** е добро совладана. **Застанете на одредена оддалеченост од детето и поттикнете го да дојде до вас наназад.**

**Трета година** – Во третата година детето се **качува по скали** со наизменични чекори и е во состојба да изведува различни игри на балансирање и рамнотежа: **ја фрла топката** без губење на рамнотежа, **оди по исцртана линија** и слично. Тригодишно дете може **самостојно да се храни**, да **ги соблекува крупните делови** од облеката, да **води сметка за личната хигиена. Поттикнете го детето да оди на работ на тротоарот, односно по права линија.**

**Четврта година** – На четиригодишна возраст, детето **користи виљушка**, способно е да се **соблече, да се измие и избрише.** Лесно манипулира **со ситни предмети и ножички.** Во оваа возраст детето може со затворени очи, со показалецот да го допре врвот на носот. На четиригодишна возраст тоа е **исправено,** трча се **движи стабилно** по скали, нагоре и надолу. **Овозможете му на детето подолг престој во надворешната средина во природа или на игралиште и поттикнете го да тренира одредени индивидуални или групни спортови.**







**Петта година** – Поголемиот број од овие деца се во градинка и таму играат **сложени игри, пеат и се дружат** со голема група деца. Детето од пет години **прецизно прецртува квадрат и триаголник.** Динамиката на рацете е добро координирана, така што е во состојба **од мека хартија, со доминантната рака за 15 секунди да направи топче.** Во оваа возраст детето може да **скока на една нога, оди право по линија** и може д**а ја удри топката со стап или палка.**

Фината моторика односно моториката на прстите, исто така, е добро совладана, односно може да **нанижe ситни перли.**

**Шеста година** – Од шестгодишното дете очекуваме **самостојно облекување**, во состојба е да ја **фати топката** што му се фрла, **да вози велосипед и тротинет, да скока по тактот на музиката. Детето може да стои на едната, па на другата нога околу десет секунди. Движењата му се толку брзи што може во рок од 15 секунди да нацрта дваесет вертикални линии со водечката рака. Да се поттикне детето да скока со јаже, да врти хулахоп и слично.**



## ВАЖНО Е ДА СЕ ЗНАЕ...

Моторните вештини се вежбаат и се усовршуваат низ игра. Следењето на развојот кај децата е многу битно за понатамошното функционирање во секојдневниот живот. Доколку се увиди, или утврди доцнење во моторниот развој, независно дали е тоа од страна на родителите или од стручниот тим во градинката, родителите треба да побараат стручна поддршка за надминување на ситуацијата. Со посветеност и добра соработка се постигнуваат позитивните резултати во развојот на детето.

Ема Митевска,
специјален едукатор и рехабилитатор



ЕДУКАТИВНИ ИГРИ

# МЕМОРИСКИТЕ КАРТИЧКИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРАВИЛЕН РАСТ И РАЗВОЈ



Во раното детство играта е најважната работа на светот за секое дете. Но уште поважно е играта да биде во функција на правилниот раст и развој. Да дејствува стимулативно и да ги поттикнува предиспозициите, кои во себе ги носи секое дете. Голем е бројот на игри и дидактички материјали што се практикуваат во секојдневната работа со децата како во предучилишните установи и креативните центри, така и дома. Една од нив е играта со мемориски картички, кои се дел од секој број на списанието за најмали „Росица“.

## ЗОШТО СЕ ВАЖНИ ИГРИТЕ СО МЕМОРИСКИ КАРТИЧКИ?



Според проф. Макото Шичида, автор на истоимениот Шичидов метод, користењето на мемориските картички од најрана возраст има позитивни влијанија врз развојот на интелектуалните способности кај децата од повеќе аспекти како:

- **учење голем број поими и зборови,**
- **збогатување на речникот,**
- **развивање на говорот,**
- **насочување на вниманието на детето,**
- **усвојување на мајчиниот и странски јазик – паралелно,**
- **можност за поврзување слика со текст - име или препознавање и именување број.**

Мемориските картички или игрите на меморија што ги добиваме во прилог со списанието „Росица“, може да ги направите и сами или да ги набавите готови, но може да користите и готови апликации од интернет, па со соодветно темпо на менување на сликите да ги поттикнувате децата да ги препознаваат, да ги именуваат дадените слики, да ги препознаваат броевите, буквите и поимите. Тоа значи дека можностите за користење на мемориските картички и игрите на меморија се неограничени.

Проф. Шичида посочува дека **сите деца до тригодишна возраст имаат способности на надарено дете.** Затоа користењето на мемориските картички на кои преку слика се претставени различни информации за препознавање животни, растенија, превозни средства, им овозможува на децата од оваа возраст да учат многу брзо. Покажувањето на мемориските картички наизменично – слика па, првата буква на дадениот поим, во повторувачки ритам е начин на кој се поттикнува препознавањето, именувањето и усвојувањето на поимите и буквите, но и богатење на речникот. Оваа е само една, од многубројните активности што може да се практикуваат секојдневно по неколкупати во куси интервали. Треба да се обезбеди релаксирана атмосфера и преку игровна активност да го поттикнете детето на соработка, затоа што само така ќе ги постигнете оптималните развојни потенцијали кај вашето дете.

Елизабета Симоновска, педагог

## КАКО ДА ЈА РАЗВИЕМЕ КОНЦЕНТРАЦИЈАТА КАЈ ДЕЦАТА?

НАЈЧЕСТО ПРАШАЊЕ ШТО СЕ ИСПРАВА ПРЕД СОВРЕМЕНИТЕ РОДИТЕЛИ, СЕКАКО Е:

## ИГРИ „ВО ЖИВО“ ИЛИ ИГРИ ВО ВИРТУЕЛЕН СВЕТ?

ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ ВИ ПРЕДЛАГАМЕ НЕКОЛКУ ПРИМЕРИ КАКО НИЗ ИГРА И ЗАБАВА ПО ПАТ НА ДИРЕКТНА И НЕПОСРЕДНА ИНТЕРАКЦИЈА, ВАШЕТО ДЕТЕТО МОЖЕ ДА ВЕЖБА НАСОЧУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ВНИМАНИЕТО.

## ИГРИ СО КОИ СЕ ВЕЖБА РАЗВОЈОТ НА ВНИМАНИЕТО:



### На прошетка со детето

Додека се шетате со детето по патека што често ја минувате заедно, иницирајте разговор и поставувајте прашања што се променило во опкружувањето, на кој начин се променила природата, според она што го гледа околу себе, дали може да одреди кое годишно време е актуелно во моментот и слично.
Може да анализирате или да опишувате некој предмет, објект, да броите мали и големи куќи, да ги броите – на пример, црвените автомобили што поминуваат, да ги броите дрвјата или клупите во паркот...
Добра игра за концентрација и внимание е и препознавање на значењето на сообраќајните знаци. Бидете досетливи и потрудете се оваа игра да биде интересна за детето. Познавањето и почитувањето на сообраќајните правила е од непроценлива корист за детето.

### Игра „Што се изменило“

На едно столче наредете низа од неколку предмети. Замолете го детето убаво и внимателно да погледне што има на столчето. Потоа замолете го детето да ги затвори очите. Кога ќе го направи тоа, вие ќе поместите некој предмет од столчето или ќе го промените нивниот редослед. Потоа побарајте од детето повторно да погледне кон столчето и да каже што е поинаку или што се изменило. На крајот, заменете ги улогите, детето нека ги реди предметите, а вие погодувајте. Постепено зголемувајте го бројот на предмети. Оваа игра е **одлична за развој на меморијата и вниманието, едноставна е и може да биде многу интересна за децата од 5 до 8-годишна возраст.**

### Игра „Забранети зборови“

Договорете се со вашето дете кои зборови да бидат забранети (да или не, црно – бело), а потоа разговарајте, фантазирајте, поставувајте прашања или пронајдете синоними за забранетите зборови. Оваа игра е мошне интересна и **придонесува за зголемување на фондот на зборови кај детето, говорните способности и вниманието.**

### Игра „Сети се и повтори“

Ова, исто така, е една интересна игра што го поттикнува развојот на меморијата и концентрацијата кај детето, а може да биде добра и за родителите. Поделете лист хартија и направете две полиња, а потоа на помали делчиња (квадратчиња). Потоа земате уште ситни предмети, како железни парички или различни бои на копчиња и слично. На едната половина по полињата се редат ситните предмети и се покриваат со хартија. Задачата на другиот играч е по сеќавање да ја погоди локацијата на објектот во своето поле. Потоа играчите ги менуваат улогите.



### Игра „Лавиринт“ за зајакнување на концентрацијата на децата и возрасните

Во книжарниците и на интернет-страниците достапни се најразлични видови лавиринти. Решавањето и пронаоѓањето излез од лавиринтот, за децата може да биде мошне интересно, **а при тоа е и одлична вежба за развој на визуелните, мемориските и интелектуалните способности кај детето.**

### Готови сетови со игри

Во ситуации кога немате доволно време да осмислите игра за вашето дете, тогаш можете да набавите готови сетови со игри во најблиската продавница за играчки.
Добра опција на импровизирани игри се и сложувалките, а во нивното сложување може да учествува целото семејство. Девојчињата може да уживаат во правење креации од накит нижејќи перли.



## Зошто се корисни овие игри ?

Ваквите игри придонесуваат за развојот на мемориските вештини, способноста на вниманието, а при тоа се **дава задоволство и заедништво на семејството. Детето учи да се носи со неуспехот што е дел од играта,** што е значајно понатаму за решавање на реалните проблеми. Освен тоа, **детето се учи на трпение и толеранција,** особини што се важни за успех во училиште и во животот воопшто.

## Дали игрите и апликациите на мобилен или компјутер се добри за развој на вниманието?

Денес постојат многу **игри и апликации** за мобилни телефони со цел да се развиваат различни способности и вештини кај децата, вклучувајќи и развој на вниманието. Но потребно е да се нагласи дека и најквалитетните **игри развиваат одредена способност, но пречат во развојот на многу други.** Некои дури може **негативно да влијаат врз развојот на визуелната перцепција.**








**Според тоа, дигиталните игри немаат целосно позитивно влијание врз фините моторички движења и фантазијата. Поради тоа неопходно е да се даде предност на вистинските игри во живо и да се ограничи и строго да се контролира употребата на мобилните телефони, таблети, компјутери.**

детска радост

Прилог за родители 2025
Бесплатен примерок бр. 2
ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД - Скопје
За издавачот
Генерален директор:
м-р ПАВЛЕ ПЕТРОВ
Издава: Редакција „Детска радост“

Прилозите во овој број „Прилог за родители“ се од архивата на РОСИЦА списание за најмали.
Одговорен уредник:
КСЕНИЈА ТРАЈЧЕВА
Ликовно-графички уредник:
НАТАЛИ НИКОЛОВСКА
Лектор:
БИЛЈАНА РАДЕВСКА

Росица - списание за најмали

Росица - списание за најмали



Сања Нечовска, логопед